**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИЕСЕТ И ДЕВЕТТАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 29.05.2020 година**

**СКОПЈЕ, МАЈ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и деветтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 29.05.2020 година**

Седницата започна во **13:25 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и осмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија бр.09-1906/2 од 29.05.2020 година, се предложи дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**9.** Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"9"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности бр.09-1952/2 од 29.05.2020 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следните точки:

10. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје; и

11. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"10"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"11"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "9", "10" и "11" се составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точката **8**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје да се **симне** од предложениот дневен ред.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Пред ставање на предлогот за симнување на точката "8" од предложениот дневен ред на гласање, укажа на одредбите од член 39 став (1) од ЗПУП, каде е наведено следното:

"Градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје е должен најдоцна три работни дена по добивање на согласноста од член 38 став (2) на овој закон, а доколку не е издадена согласност и не е доставено известување за констатирани недостатоци на урбанистичкиот план, по истекот на рокот за издавање на согласност утврден во член 38 став (2) на овој закон, да го достави предлогот на планот во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, до Советот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје а претседателот на Советот е должен предлогот на планот да го стави на првата наредна седница на Советот, а Советот е должен да одлучи по истиот на истата седница."

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "8" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 11 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "8" е **симната** од предложениот дневен ред, а точките "9", "10" и "11" ќе се разгледуваат како точки "8", "9" и "10".

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2020 година;
2. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
3. Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година;
4. Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административен службеник во состав на секторот за правни и општи работи;
5. Предлог - Одлука за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци".
6. Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
9. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје; и
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2020 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, претставниците од општинската администрација - Васко Апостоловски и Сашо Трајков и членовите на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административен службеник во состав на секторот за правни и општи работи.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и членовите на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административен службеник во состав на секторот за правни и општи работи, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци".**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - м-р Мартин Ристов, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Членот на советот - Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија"), Градоначалникот на Општина Гази Баба и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", со **22 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - Андреа Најденовски, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Членот на советот - Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Деталден урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот - Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") и Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ)..

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, со **22 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - Дијана Илиевска, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Дијана Илиевска (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "25" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Триесет и деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15:45 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот